Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 139/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) и член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со објавениот оглас бр.05/2018 (со арх.бр.04-6337/2 од 13.12.2018 година) објавен во дневните весници „Вечер“ и „Нова Македонија“,

Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за невршење избор на кандидати

1.За работното место- работник за давање на податоци-ниво А2 Шифра УПР 04 05 А02 013 – 4 (четири) извршители во Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на Градоначалникот – Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа, по објавениот оглас бр.05/2018 (со арх.бр.04-6337/2 од 13.12.2018 година), **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.

2.Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на Општина Велес.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес на ден 13.12.2018 година објави Јавен оглас бр.05/2018 (со арх.бр.04-6337/2 од 13.12.2018 година) за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место- работник за давање на податоци и информации-ниво А2 Шифра УПР 04 05 А02 013 – 4 (четири) извршители, утврдени со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес. На јавниот оглас се пријавија 26 кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, ги прегледа пристигнатите пријави и документи и изврши проверка на истите. Од извршената проверка Комисијата констатира дека благовремено се поднесени 26 пријави од кои 23 се со комплетна документција, две се со некомплетна документација и тројца кандидати не го исполнуваат условот од огласот во однос на потребното образование. За извршената селекција на пристигнатите докумнти и пријави по огласот, Комисијата до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со конечна ранг-листа на селектираните кандидати.

Врз основа на доставениот записник, а согласно член член 23 став 4 од Законот за работните односи и член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот изврши избор од пријавените кандидати и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Велес.

Број 08-185/3
Дата 23.01.2019

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Доставено до
-Списи и архива
-ОУЧР